Бр./Nr 12-1213/1
13-03-2026 г.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава, под број 12-1672/1 од 28.05.2024, со наводи за сомневање за незаконитости во постапката за јавна набавка на услуги - Прилагодување на имплементиран Интегриран систем за биометриска -------------------- на --------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите.

Предметот со број 12-1672/1 од 28.05.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапуваше по предмет со број 12-1672/1 од 28.05.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапката за јавна набавка на услуги - Прилагодување на имплементиран Интегриран систем за биометриска -------------------- на --------------, по што бил склучен договор за јавна набавка помеѓу Државната --------- --------------- и "----------- ----------- ------------------------" --------------, --------------. Во пријавата се изразува сомневање за примена на постапката со преговарање без објавување на оглас само со еден понудувач, горенаведениот правен субјект.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК се обрати со барање за доставување на информации до Државната -------------------- ---

-----------------, од каде беше доставена целокупната документација од спроведената постапка за јавната набавка.

По разгледување на доставената документација, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Државната --------- --------- известува дека Претседателот на Собранието на РСМ донел Решение за распишување на Претседателските и Парламентарните избори 2024 на ден 14.02.2024 година, со тоа што според утврдениот роковник, денот на гласање на првиот круг на претседателските избори се совпаѓа со денот на гласање на парламентарните избори. Со тоа била создадена специфична ситуација за Државната --------------- -----------------, нерегулирана со Изборниот законик, гласањето за два различни изборни процеси да се одржува во ист ден.

Имено, на 11.08.2021 година Државната ----------- --------------- склучила договор за јавна набавка на Интегриран систем за биометриска -------------------- на --------------, со правниот субјект "---------------------------------------------------" со седиште во -----------, --------------, со времетраење од една година, со гаранција на опремата во времетраење од 60 месеци, сметано од потпишувањето на договорот. По неговата имплементација, интегрираниот систем за биометриска -------------------- на --------------, е во сопственост и со него управува, го поседува изворниот код, производителот на системот односно горенаведеното правно лице.

Имајќи во предвид дека ексклузивното право на управување на системот го има само правниот субјект ------------------------------------------------ (со поседување на изворниот код), Државната ---------- ------------- известува и доставува документација во прилог дека одржала консултации со стручни лица за изнаоѓање на начин да се овозможи одделна --------------------- на --------------, за два изборни процеси истовремено, со примена на имплементираниот систем за биометриска -------------------- на --------------,.

Видно од прибавените стручни извештаи, утврдено е дека постоечкото софтверско решение не нуди можност еден гласач да може да избере повеќе од еден вид на избори при гласање, поради што било предложено да се изврщи прилагодување на веќе имплементираниот интегриран систем за биометриска -------------------- на --------------, преку спроведување на нова постапка согласно Законот за јавните набавки.

Во правното стручно мислење дадено од стручно лице било укажано дека имајќи ја предвид важноста на договорот од 1 година за надградба и имплементација на апликативното решение на интегрираниот систем за биометриска -------------------- на ---------------, и дека согласно член 14 од Договорот гаранцијата на набавената опрема изнесува 60 месеци, како единствена применлива опција за надградба на системот е склучување на посебен договор со носителот на набавката. Потребно е ------- согласно член 55 став 1 точка в и г од ЗЈН да спроведе постапка со преговарање без објавување на оглас и да го задржи

правото на избор дали постапката со преговарање ќе ја направи согласно член 55 став 1 точка в или согласно точка г од ЗЈН. Горенаведеното стручно лице предложило, ------ да поведе постапка за преговарање согласно Законот за јавни набавки и да се направи надградба на апликативното решение на централниот систем, како и на -------- уредите.

------ согласно Законот за јавните набавки, се обратила со Барање на мислење за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, под број ---------до Бирото за јавни набавки, со кое што е побарана согласност за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас. Врз основа на даденото образложение во барањето на ------ и приложените докази кон истото, Бирото за јавни набавки дало Мислење дека во конкретниот случај се исполнети условите за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас.

Имајќи го предвид горенаведеното, претседателот на ---- донел Одлука за јавна набавка на услуги - Прилагодување на имплементиран Интегриран систем за биометриска -------------------- на --------------, под број ---------, со која се определени предметот, видот, проценетата вредност на набавката, начинот на доделување на договорот и е формирана Комисија за спроведување на постапката за јавна набавка.

На 28.02.2024 година, правното лице ------------------------------------------------------- достави понуда до -------. На 28-29.02.2024 година се одржани преговори помеѓу комисијата за спроведување на постапката и претставниците на понудувачот, каде била презентирана предметната јавна набавка согласно потребите на договорниот орган од страна на комисијата и идејното решение - техничката и финансиската понуда од страна на понудувачот. На 29.02.2024 година е поднесена конечна понуда за спроведување на постапката.

Комисијата за јавна набавка изготвила извештај за спроведената постапка за јавна набавка, во кој детално е опишан целиот тек на постапката за преговарање помеѓу договорниот орган и понудувачот и истата ја доставила до одговорното лице на договорниот орган.

Врз основа на извештајот, одговорното лице донело Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на договор за јавна набавка, по спроведена постапка со преговарање, без претходно објавување на оглас, со која се избра како најповолна понудата на понудувачот ----------------------------------------------, со вкупна цена на предметната набавка во износ од 28.000.000 денари. Во фазата пред склучување на договорот, одлуката била објавена на ЕСЈН во делот „известување за доброволна транспарентност“ со што е овозможено правото на жалба на економските оператори. Врз основа на одлуката за избор на најповолна понуда на ден 12.03.2024 година помеѓу договорниот орган и понудувачот е склучен договорот за јавна набавка на услуги под бр.------------.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на погоренаведеното, ДКСК заклучи дека потребата од спроведување на постапка за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас е спроведена врз основа на следното:

-непостоење можност за посебна биометриска -------------------- на --------------, во постоечкиот интегриран систем при гласање на Претседателските и Парламентарните избори 2024, односно создавање на можноста за гласање на исто лице, во ист ден, за двата изборни процеси;

-поради тоа што изворниот код за веќе имплементиран систем за биометриска -------------------- на --------------, го има во сопственост и управување само производителот на системот, не постоела можност да се спроведе друг вид на постапка за јавна набавка и да се избере друг понудувач за потребата од надградба на системот, освен со постапката со преговарање без оглас со производителот и

- врз основа на Стручни мислења, добиени од стручни лица, како и Мислењето на Бирото за јавни набавки со арх.број. ------------ од 06.02.2024 година, ---- пристапило кон спроведување на предметната јавна набавка со постапка со преговарање без оглас со цел да се создаде можноста за гласање на исто лице во ист ден на двата изборни процеси.

Оттаму, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш.,член на ДКСК